Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок наден од дневни настани 29.06.2020

На 28.06.2020 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Александар Македонски" го лишиле од слобода М.В.(34) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2020 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба ја лишиле од слобода В.Р.(34) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.06.2020 во 19.45 часот на автопатот Куманово – Граничен премин „Табановци", полициски службеници од Полициска станица Куманово го приреле Ф.Ш.(36) од Штип, поради постоење основано сомнение дека стоел кривично дело „криумарење мигранти". Имено, при обид да застанат патничко возило „ауди А6", со битолски регистарски ознаки, управувано од приајавениот, тој го напуштил местото на настанот. По кратко время Ф.Ш. бил лишен од слобода, а во близина на железничка пруга, на место викано „Чифлик", биле забележани 10 лица-мигранти. Од нив седум избегале, а задржани биле М.Ц.(23) од Бангладеш, А.А.(30) од Јемен и М.А.(29) од Сирија, кои потоа се сместени во Транзитен центар Табановце, додека Ф.Ш. е предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 28.06.2020 околу 17.30 часот во СВР Штип било приајавено дека на магистралниот пат Радовиш - Свети Николе од полициски службеници од Полициска станица Штип, по претходно добиено известување, биле пронајдени девет лица-мигранти од Сирија. За настанот е известен Јавен обвинител и по негова наредба лицата- мигранти се пренесени во ПТЦ „Виној" Гевгелија.

На 28.06.2020 во 15.20 часот било приајавено дека на автопатот Северна обиколница на град Скопје, во близина на надвозникот „Инџиково", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „даеву рејсер", со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.Б.(56) од Скопје и патничко возило „БМВ", со тетовски регистарски ознаки, кое поради дефект, од страна на возачот М.К.(35) од Дебар било паркирано на десната страна од коловозот. Во незгодата Т.Б. починал на местото на настанот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.06.2020 во 13.25 часот било приајавено дека на локалниот пат за с.Орман, охридско, преку мостот, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „даеву рејсер", со охридски регистарски ознаки, управувано од Т.К.(41) од с.Долно Лаконија, охридско и трактор „ИМТ", управуван од Р.Ф.(60) од Охрид. Во незгодата Р.Ф. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св. Еразмо", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 28.06.2020 во 19.20 часот било приајавено дека на автопатот Миладиновци - Штип патничко возило „ауди", со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од Д.З.(37) од Скопје удрило во заштитната ограда и излетало од патот. Во незгодата, согласно не возилото К.(21) и П.Т.(40), управувани од Скопје, се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип, каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа на Полициската станица Свети Николе.

На 28.06.2020 во 21.10 часот било приајавено дека во Демир Хисар С.С.(85) од Демир Хисар, управувајќи патничко возило „застава 750", со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во заштитна бетонска ограда. По незгодата, возачот бил пренесен во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Демир Хисар.

На 29.06.2020 во 02.50 часот во Полициската станица Аеродром Х.С.(24) од Скопје приајавил дека на ул.„23 Октомври" кај касат од куќе скитник.

Во текот на 26, 27 и 28.06.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се девет возила, бидејќи биле нерегистрирани, седум возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и 76 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

На 28.06.2020 во 15.15 часот во Полициската станица Чаир Т.С.(49) од Скопје приајавил дека на ул.„Хо Ши Мин" неговата 17-годишна керка била касната од куче скитник.

На 28.06.2020 во 22.40 часот, во близина на угостителски објект покрај регионалниот пат Тетово - Јажинце, во тетовското село Продејане, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода М.И.(20), од тетовското село Слатино, затоа што при претрес кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 28.06.2020 во 21.15 часот полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Е.Р.(37) и Х.Р.(31), од гостиварското село Врајчиште, поради основи на сомнение дека околу 20.30 часот во викенд куќа во Маврово извршиле кражба над 26-годишната српска државјанка М.А. Кај нив биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на М.А. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 28.06.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје, од царинско складиште во Скопје било приајавено дека во товарно возило „сканија", со ирански национални ознаки, управувано од Х.М.(64) од Иран, биле пронајдени шест лица-мигранти од Бангладеш. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Лицата-мигранти се сместени во ПТЦ „Виној/гр" Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2020 околу 16.20 часот во СВР Битола, В.Т. управителот на фирма за превоз на работници, приајавил дека преку социјалната мрежа „Фејсбук" добил закаканувачки пораки од профил на „Фејсбук" на М.Ч. дека на комбинета и автобусите на фирмата имало поставено бомби и дека истите ќе бидат активирани. Од полициски службеници биле извршени проверки, при што не биле пронајдени експлозивни направи. Во СВР Битола бил приведен З.Г.(43) од с.Бојно, ресенско, поради постоење основано сомнение дека е лицето кое ги упатувало споменатите закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.06.2020 во 05.15 часот во Полициската станица Карпош, Д.И.(22) од Скопје и Р.Г.(22) од с.Друго, кичевско, приајавиле дека околу 03.40 часот во близина на Болница на бул.„Партизански одреди", додека биле во патничко возило „голф", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Р.Г., а по случајна сообраќајна незгода помеѓу нив и патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.П.(22) од Скопје, истите им побарал пари, а потоа физички ги нападнал. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗПППРМ.

На 29.06.2020 во 00.30 часот во Полициската станица Горче Петров, С.С.(47) од Скопје приајавил дека на 28.06.2020 околу 19.20 часот на ул.„Гостиварска" во Скопје, неговиот 10-годишен син бил физички нападнат од И.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2020 во 14.00 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„8" во с.Кучевиште, скопско, по претходна расправија околу нерасчистени имотно-правни односи, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ш.(66) и М.Ш.(24), од дадена страна и Б.Ш.(42), од друга страна, сите од с.Кучевиште. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППРМ.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Ч.(19) од с.Јажинце, тетовско, Х.А.(20) од с.Ораје, тетовско, и М.Ф.(18) од с.Јажинце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лесна телесна повреда". На 26.01.2020 во с.Лешок, тетовско, во спортска сала, приајавените физички го нападнале А.М.(21) од с.Јажинце , нанесувајќи му тешки телесни повреди.

ОВР Пробиштип поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(35) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување". На 26.06.2020 околу 01.00 часот во Пробиштип, на ул.„Христијан Тодоровски Карпош", приајавениот со употреба на физичка сила се обидел да изврши обљуба над 43-годишна жена од Пробиштип.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.А.(57) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.04.2020 во Куманово, на ул.„Правда Спасовска", при извршен преглед на приајавениот од страна на полициски службеници, бил пронајден и одземен хероин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.А.(33) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.02.2020 во с.Арачиново, скопско, од полициски службеници бил извршен претрес во домот на приајавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Лугер М90" калибар 9 мм ПАРА, две рамки, осум куршуми калибар 9 мм, 2.780 грама марихуана и електронска вага.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе кривична пријава против М.А., вработен во МВР, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластувањата". На 10.06.2020 во Полициската станица на Граничен премин Табановце приајавениот, при вршење на работни задачи, ја пасошка контрола за влез во Р.Северна Македонија, овозможил влез на малолетничка од Кавадарци, без да ја заведе во електронскиот систем за контрола на патници и возила, а исто така, тој не побарал прикокувачка на негативен ПЦР тест за Ковид-19 и не ја упатил во државен карантин, со тоа постапил спротивно на донесените одлуки на Владата.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе кривична пријава против И.Т.(41) од Велес, вработен во МВР, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „малтретирање во служба". На 29.05.2020 во Велес приајавениот, при преземање на службени дејствија за легитимирање и спроведување на мерките за носење на лична заштита, откако граѓанинот кон приведување на П.А., со употреба на физичка сила насилно го внел во службеното возило, каде на седиштето имало автоматска пушка, а откако приведениот реагирал, полициските службеник ву упатил закани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ѓ.(34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" и против Г.Р.(26) од Скопје, управител на правно лице од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање". На 25.03.2020, во телефонски разговор со Б.Ч.(36), сопственик на фирма за продажба на пелети со седиште во С.Прељубје, тетовско, превпривајнеот, со лажно прикажување на факти се претставил како претставник на правно лице, за кое било утврдено дека не било регистрирано во Централниот регистар, при што нарачал пелети во износ од 80.959 денари, наведувајќи дека сумата ке ја исплати во текот на наредниот ден. Од оштетениот нарачката ѝ ја испорачала и истоварила во складот на правното лице, сопственост на второпријавениот, кој ја купил стоката од превпривајнеот за сума од 67.200 денари, за која сума знаел дека е многу пониска од реалната.

ОВР Радовиш поднесе две кривични пријави против Б.Б.(52), А.К.(46) и Д.Ф.(45), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 29.06.2020, при контрола на лица кои биле во домашна изолација, приајавениот не бил затекнат во својот дом, со тоа постапил спротивно на здравствените прописи и издадениот решение од ДСЗИ.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против О.Р.(31) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 17.04.2020, приајавениот бил затекнат надвор од својот дом, со што постапил спротивно на здравствените прописи и мерка за забрана на движење, која е воведена со цел за спречување на ширење на заразната болест Ковид-19.

СВР Штип поднесе три кривични пријави против О.М.(23) и 16-годишник, двајцата од Штип, К.К.(20) и С.И.(18), двајцата од Струмица, поради постоење основи на сомнение дека сторите кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Во периодот од 01.05. до 23.05.2020, приајавените биле затекнати надвор од своите домови, со тоа постапиле спротивно на здравствените прописи и мерката за забрана на движење, воведена со цел за спречување на ширење на заразната болест Ковид-19.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „разбојништво", СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Ј.(32) од охридското село Косел. Тој, на 22.05.2020 во 14.00 часот, на ул. „Партизанска" во Охрид, сопрел автомобил кој го управувал И.Н.(20) од Охрид и со остар предмет му се заканил, а потоа му ги одзел парите.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.М.(57) и А.М.(21) од струшкото село Ливада, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Приајавените, на 30.09.2019, насилно влегле во куќа сопственост на К.Д.(37) од струшкото село Делогожда, извршиле пребарување, а потоа со употреба на запалива течност, целосно ја опожарие.